# 17-та ШКОЛА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ
## на Претседателот Иванов

## „НОВ СВЕТ. НОВО ЛИДЕРСТВО. НОВ ПРАГМАТИЗАМ.“
Октомври 2026 година – онлајн
1-8 ноември 2026 година – Охрид

Пријави се на:
https://www.youngleaders.com.mk/apply/

# КОНКУРС
**за учество на Меѓународната обука за млади лидери на проф. д-р Ѓорге Иванов, Претседател на Република Македонија 2009-2019,**

## 17. Школа за млади лидери на Претседателот Иванов
„Нов свет. Ново лидерство. Нов прагматизам.“

**Со задоволство го објавуваме Конкурсот за учесници на 17. Школа за млади лидери на Претседателот Иванов организирана од Кабинетот на поранешниот Претседател на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, заедно со Иванов школа за лидери – Алумни асоцијација и Меѓународниот центар Алијанса на цивилизациите.**

### ЗА ШКОЛАТА
Меѓународната обука за млади лидери на проф. д-р Ѓорге Иванов, Претседател на Република Македонија 2009-2019, традиционално се одржува **од 2010 година**. Вкупно, во досегашните 16 обуки **учествуваа 625 млади луѓе од Македонија и од странство,** со различен академски и професионален фокус. Пред петнаесетте генерации учесници на Школата за млади лидери, **предавања одржаа околу 450 реномирани предавачи** од Република Македонија, Европа и светот. Во 2018 година, Школата за млади лидери е прогласена за **најдобар општествено одговорен проект во Европа за 2017 година** од страна на Светскиот инвестициски форум на бизнис ангели.

### МИСИЈА
**Мисијата на школата** е да ги стимулира позитивните вредности кај младите лидери и идни политички, културни и економски предводници на нашата земја, но и да го развие нивниот капацитет за справување со глобалните предизвици, меѓународната конкуренција и културните и религиски различности.

### ПРОГРАМА
- **Програмата е наменета за млади луѓе со завршено високо образование до 35 години, дипломирани студенти и професионалци со работно искуство.** Се очекува учесниците да имаат желба континуирано да ги развиваат и усовршуваат нивните лидерски вештини и да придонесуваат за позитивен развој на општеството и околината во која живеат и работат.
- Обуката опфаќа **предавања од предавачи од Македонија и од странство**, фокусирани на искуствата и знаењата кои би ги поттикнале учесниците да размислуваат аналитички и да креираат заеднички решенија за предизвиците со кои се соочуваат. Интерактивното вклучување на предавањата е клучен дел на програмата.
- **Програмата се одвива на англиски јазик.**

### ДАТУМ, ВРЕМЕ И ФОРМАТ
Оваа година, 17. Школа за млади лидери ќе се организира во три делови:
- првиот дел, менторска програма, ќе биде во текот на месец октомври 2026 година и ќе се одржува онлајн со до два термини неделно во директен договор со менторот. Менторите се поранешни учесници на школата и дел од мрежата на алумнисти ИСЛАА.
- вториот дел се онлајн предавања што ќе се реализираат од 26 до 30 октомври 2026 година, во термини по 17:00 часот.
- третиот дел ќе биде од 1-8 ноември 2026 година со целодневна програма и ќе се одржи во хотел „Инекс Олгица“ во Охрид, Република Македонија.

ALUMNI ASSOCIATION

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2019

ICAC INTERNATIONAL CENTER ALLIANCE OF CIVILIZATIONS

# 17-та ШКОЛА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ

## на Претседателот Иванов

## „НОВ СВЕТ. НОВО ЛИДЕРСТВО. НОВ ПРАГМАТИЗАМ.“

Октомври 2026 година – онлајн
1-8 ноември 2026 година – Охрид

Пријави се на:
https://www.youngleaders.com.mk/apply/

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО И ПОДНЕСУВАЊЕ АПЛИКАЦИЈА

**Кандидатите што исполнуваат услови се млади лица до 35 години со завршено високо образование,** вклучувајќи дипломирани студенти и професионалци со работно искуство. Кандидатите треба да имаат силна желба за развој на лидерски вештини и позитивен придонес кон општеството.

### Услови:

- **Познавање на англиски јазик:** Одлично познавање и активно користење на англиски јазик.
- **Академски успех:** Просек од високо образование, еднаков или поголем од 8,5 (или еквивалентно за меѓународна диплома) ќе се смета за предност
- **Професионално искуство / Повисоки дипломи:** Работно искуство и повисоки дипломи (магистратура или докторат) ќе се сметаат за предност.

### Потребни документи за апликација (електронска копија):

- **Биографија,**
- **Уверение за положени испити/Диплома,**
- **Две препораки** од организацијата, компанијата или факултетот на кандидатот, и
- **Есеј на општата тема на 17. Школа за млади лидери „Нов свет. Ново лидерство. Нов прагматизам.“**: толкување и размислувања на кандидатот за општата тема, до 800 зборови, на англиски јазик.

## КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА

- **Бројот на учесници е ограничен,** и за да земат учество, младите од Македонија и од странство треба да ги исполнуваат горенаведените услови и да ги поднесат бараните документи.
- По завршување на процесот на аплицирање, кандидатите кои ги исполнуваат критериумите ќе бидат повикани на **интервју** (онлајн интервју за кандидатите од странство).
- **Конечната селекција на учесници** ќе се врши врз основа на академските и професионалните достигнувања на кандидатите, како и врз основа на нивниот настап за време на интервјуто.

## КРАЕН РОК И ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИЈА

**За успешно аплицирање за 17. Школа за млади лидери, потребно е да ги подготвите сите задолжителни документи и целосно да го пополните онлајн формуларот за апликација. Апликациите кои се нецелосни или поднесени по истекот на рокот нема да се разгледуваат.**

**Апликацијата треба да ја поднесете најдоцна до 30 јуни 2026 година на следниот линк:**
**https://www.youngleaders.com.mk/apply/**

Стоиме на располагање за дополнителни информации на info@gjorgeivanov.mk и info@youngleaders.com.mk.

Станете дел од новата генерација лидери!
Пријавете се сега и стекнете незаборавно меѓународно искуство.
Ви благодариме за одвоеното време и интерес – со нетрпение ја очекуваме вашата апликација!

ALUMNI ASSOCIATION

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2009-2019

ICAC INTERNATIONAL CENTER ALLIANCE OF CIVILIZATIONS